# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на Општината Битола излегува по потреба

www.bitola.gov.mk

**Број 4, година XLIV**
**Понеделник, 04.03.2013**
Битола

**e-mail:bitola@t-home.mk**


Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

### З А К Л У Ч О К
### за објавување на Декларацијата за одржување на чесни, слободни и демократски избори во Република Македонија за избор на членови на Советот и Градоначалник на Општината Битола

1. Ја објавувам Декларацијата за одржување на чесни, слободни и демократски избори во Република Македнија за избор на членови на Советот и Градоначалник на Општината Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 01.03.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-254/1
04.03.2013 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
м-р Владимир Талески

Врз основа на член 62 од Законот за Локалната самоуправа („Службен весник на Р.Македонија“ 5/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 01.03.2013 година донесе

### Д Е К Л А Р А Ц И Ј А
### за одржување на чесни, слободни и демократски избори во Република Македонија за избор на членови на Советот и Градоначалник на Општината Битола

**Член 1**

Советот на Општината Битола ги поздравува и потикнува напорите на домашните и меѓународните институции како и политичките партии во Република Македонија, односно претставниците на Европската унија, НАТО и САД, за одржување на чесни, слободни и демократски избори во Република Македонија за избор на членови на Советот и Градоначалник на Општината Битола.

**Член 2**

Претставниците на Единицата на локалната самоуправа – Општината Битола, односно Градоначалникот, членовите на Советот, Општинската администрација и локалните јавни претпријатија, ќе креираат позитивен амбиент во пресрет на изборите и нема да ги злоупотребуваат моќта, средствата и имотот на Општина Битола за сметка на партиски активности и цели.

Носителите на функции кои ги избира или именува Собранието на Република Македонија и Владата на Република Македонија ќе создаваат позитивен амбиент во пресрет на изборите и нема да ги

злоупотребат моќта, средствата и имотот на Република Македонија за сметка на партиските активности и цели на подрачјето на Општината Битола.

Во периодот од денот на донесувањето на оваа декларација до изборот на членови на Советот и Градоначалник на Општината Битола, да се стопираат сите активности за нови, непродуктивни (партиски) вработувања во сите јавни установи и служби на подрачјето на Општината Битола, освен за оние работни места каде што можи да се наруши процесот за нормално функционирање на истите.

**Член 3**

Градоначалникот, членовите на Советот, претставници на општинската администрација и раководителите на локалните јавни претпријатија да не ги злоупотребат своите функции за партиски цели доколку по објавувањето на конечните листи бидат кандидирани за членови на Советот и Градоначалник на Општината Битола.

Носителите на функции кои ги именува Собранието на Република Македонија и Владата на Република Македонија, да ги стават во мирување своите функции доколку по објавувањето на конечната листа бидат кандидирани за членови на Советот и Градоначалник на Општината Битола.

**Член 4**

Советот на Општина Битола ќе ги поттикне ангажманите на здруженијата на граѓани и поединци, со својот авторитет да влијаат врз амбиентот за спроведување избори според меѓународно пропишани стандарди.

**Член 5**

Декларацијата влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-09/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
01.03.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за прифаќање на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за четвртиот квартал во 2012 година

1. Го објавувам Заклучокот за прифаќање на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за четвртиот квартал во 2012 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 01.03.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-254/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
04.03.2013 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 32 точка 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ( "Службен весник на Р.М" бр 61/04 и 156/09 ) и член 70 од Статутот на Општина Битола ( "Службен гласник на Општината Битола" број 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 01.03.2013 година донесе

## З А К Л У Ч О К
## за прифаќање на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за четвртиот квартал во 2012 година

1. СЕ ПРИФАЌА Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за четвртиот квартал во 2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-09/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
01.03.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Завршната сметка на Буџетот на Општината Битола за 2012 година

1. Ја објавувам Завршната сметка на Буџетот на Општината Битола за 2012 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 01.03.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-254/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
04.03.2013 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 36 став 1 точка 2 од Статутот на Општината Битола (“Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 01.03.2013 година, донесе

## З А В Р Ш Н А С М Е Т К А НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА БИТОЛА ЗА 2012 ГОДИНА

### Член 1

Завршната сметка на Буџетот на Општина Битола за 2012 година се состои од:

| Планирани | Реализирани |
|---|---|

**- Вкупно приходи 1.521.994.320,00 денари 1.332.247.076,50 денари**

| | | |
|---|---|---|
| Даночни приходи | 472.203.389,50 ден. | 406.082.713,00 ден. |
| Неданочни приходи | 52.810.000,00 ден. | 20.677.257,00 ден. |
| Капитални приходи | 177.714.189,00 ден. | 131.543.158,50 ден. |
| Трансфери | 90.735.927,00 ден. | 108.454.011,50 ден. |
| Дотации | 613.004.824,00 ден. | 606.177.921,00 ден. |
| Приходи од самофинансирачки активности | 98.710.569,00 ден. | 50.072.302,50 ден. |
| Донации | 16.815.421,50 ден. | 9.239.713,00 ден. |
| Пренесено салдо од 2011 година | 45.830.787 ,00 ден. | |

**- Вкупно расходи 1.521.994.320,00 денари 1.274.318.133,00 денари**

| | | |
|---|---|---|
| Утврдени намени | 1.521.549.320,00 ден. | 1.274.273.133,00 ден. |
| Резерви | 445.000,00 ден. | 45.000,00 ден. |

**- Салдо на 31-12-2012 година 57.928.943,50 ден.**

**Член 2**

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на Основниот Буџет во износ од **39.652.920,00 денари** се пренесува како приход на основниот буџет на Општина Битола за 2013 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на Буџетот на Дотации во износ од **12.336.140,00 денари** се пренесува како приход на буџетот на наменски дотации на Општина Битола за 2013 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на Буџетот на Самофинансирачки активности во износ од **3.205.562,00 денари** се пренесува како приход на буџетот на самофинансирачки активности на Општина Битола за 2013 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на Буџетот на Донации во износ од **2.734.321,50 денари** се пренесува како приход на буџетот на донации на Општина Битола за 2013 година.

**Член 3**

Планираните и остварените приходи и приливи по извори и видови, односно планираните и извршените расходи и одливи по основни намени се искажани во Билансите на приходи и расходи на Завршната сметка на Буџетот на Општина Битола за 2012 година и тоа:

**Член 4**

Во Посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот на Општина Битола за 2012 година се прикажуваат расходите по програми, по сметки и ставки.

**Член 5**

Општиот дел на Завршната сметка на Буџетот на Општина Битола за 2012 година се објавува во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-09/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
01.03.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

# Завршна сметка на Општина Битола за 2012 год.

| ЕДИНИЦА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА БИТОЛА<br>БУЏЕТ НА ОПШТИНА БИТОЛА | Основен буџет 2012 | | Дотации 2012 | | Самофинансирачки активности 2012 | | Донации 2012 | | Кредити 2012 | | Вкупно 2012 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација |
| **ВИШОК НА ПРИХОДИ** | | **39.652.920** | | **12.336.140** | | **3.205.562** | | **2.734.322** | | **0** | | **57.928.943** |
| **7 ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **793.463.506** | **666.757.140** | **613.004.824** | **606.177.921** | **98.710.569** | **50.072.303** | **16.815.422** | **9.239.713** | **0** | **0** | **1.521.994.320** | **1.332.247.077** |
| **71 Даночни приходи** | **472.203.390** | **406.082.713** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **472.203.390** | **406.082.713** |
| 711 Данок од доход, добивка и капитални добивки | 15.512.000 | 14.736.028 | | 0 | | | | | | | 15.512.000 | 14.736.028 |
| 712 Придонеси од плати за социјални фондови | 0 | 0 | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 713 Даноци на имот | 154.800.000 | 137.193.168 | | | | | | | | | 154.800.000 | 137.193.168 |
| 714 Домашни даноци на стоки и услуги | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 715 Данок од меѓународна трговија и трансакции (царини и давачки) | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 716 Други даноци | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 717 Даноци на специфични услуги | 265.430.000 | 237.678.674 | | | | | | | | | 265.430.000 | 237.678.674 |
| 718 Такси за користење или дозволи за вршење на дејност | 36.461.390 | 16.474.844 | | | | | | | | | 36.461.390 | 16.474.844 |
| 719 Данок на финансиски трансакции | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| **72 Неданочи приходи** | **52.810.000** | **20.677.257** | **0** | **26.940** | **98.710.569** | **42.414.623** | **0** | **1.800** | **0** | **0** | **151.520.569** | **63.120.620** |
| 721 Претприемачки приход и приход од имот | | | | | 0 | 0 | | | | | 0 | 0 |
| 722 Глоби, судски и административни такси | 4.160.000 | 3.810.669 | | | | | | | | | 4.160.000 | 3.810.669 |
| 723 Такси и надоместоци | 9.000.000 | 6.844.088 | | | 90.041.202 | 37.762.614 | | | | | 99.041.202 | 44.606.702 |
| 724 Други Владини услуги | 450.000 | 97.303 | | | 0 | 0 | | | | | 450.000 | 97.303 |
| 725 Други неданочни приходи | 39.200.000 | 9.925.197 | | 26.940 | 8.669.367 | 4.652.010 | | 1.800 | | | 47.869.367 | 14.605.947 |
| **73 Капитални приходи** | **177.714.189** | **131.543.159** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **177.714.189** | **131.543.159** |
| 731 Продажба на капитални средства | 20.000.000 | 18.094.115 | | | 0 | 0 | | | | | 20.000.000 | 18.094.115 |
| 732 Продажба на стоки | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 733 Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 157.714.189 | 113.449.044 | | | | | | | | | 157.714.189 | 113.449.044 |
| 734 Капитални трансфери од невладини извори | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| **74 Трансфери и донации** | **90.735.927** | **108.454.012** | **613.004.824** | **606.150.981** | **0** | **7.657.680** | **16.815.422** | **9.237.913** | **0** | **0** | **720.556.173** | **731.500.585** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | 90.735.927 | 108.454.012 | 613.004.824 | 606.150.981 | 0 | 7.657.680 | 0 | 154.356 | | | 703.740.751 | 722.417.028 |
| 742 Донации од странство | | | | | | 0 | 16.815.422 | 9.083.557 | | | 16.815.422 | 9.083.557 |
| 743 Капитални донации | | | | | | | 0 | | | | | |
| 744 Тековни донации | | | | | | | 0 | | | | 0 | 0 |
| **75 Домашно задолжување** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 751 Краткорочни позајмици во земјата | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 752 Благајнички записи | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 753 Долгорочни обврзници | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 754 Домашно задолжување | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| **76 Задолжување во странство** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 761 Меѓународни развојни агенции | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 762 Странски влади | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 769 Други задолжувања во странство | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| **77 Продажба на хартии од вредност** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 771 Продажба на хартии од вредност | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| **78 Приходи од отплата на заеми** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 781 Приходи од наплатени дадени заеми | | | | | | | | | | | 0 | 0 |

| ЕДИНИЦА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА БИТОЛА<br>БУЏЕТ НА ОПШТИНА БИТОЛА | Основен буџет 2012 | | Дотации 2012 | | Самофинасирачки активности 2012 | | Донации 2012 | | Кредити 2012 | | Вкупно 2012 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација |
| **4 ВКУПНИ РАСХОДИ** | **793.463.506** | **627.104.220** | **613.004.824** | **593.841.781** | **98.710.569** | **46.866.741** | **16.815.422** | **6.505.392** | **0** | **0** | **1.521.994.320** | **1.274.318.134** |
| **40 Плати наемнини и надоместоци** | **59.831.080** | **51.571.572** | **525.395.845** | **517.898.638** | **2.906.000** | **2.605.448** | **0** | **0** | **0** | **0** | **588.132.925** | **572.075.658** |
| 401 Основни плати и надоместоци | 38.343.500 | 32.813.612 | 383.117.806 | 377.645.257 | 2.109.000 | 1.902.028 | | | | | 423.570.306 | 412.360.897 |
| 402 Придонеси за социјално осигурување од работодавачите | 14.362.580 | 11.936.372 | 142.278.039 | 140.253.381 | 797.000 | 703.420 | | | | | 157.437.619 | 152.893.173 |
| 403 Останати придонеси од плати | | | | | 0 | | | | | | | |
| 404 Надоместоци | 7.125.000 | 6.821.588 | 0 | 0 | 0 | 0 | | | | | 7.125.000 | 6.821.588 |
| **41 Резерви и недефинирани расходи** | **445.000** | **45.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **445.000** | **45.000** |
| 411 Финансирање на нови програми и потпрограми | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 412 Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 200.000 | | | | | | | | | | 200.000 | 0 |
| 413 Тековни резерви (разновидни расходи) | 245.000 | 45.000 | | | | | | | | | 245.000 | 45.000 |
| **42 Стоки и услуги** | **238.062.807** | **213.291.380** | **81.635.305** | **73.105.980** | **85.282.219** | **41.463.842** | **7.118.836** | **3.998.246** | **0** | **0** | **412.099.167** | **331.859.447** |
| 420 Патни и дневни расходи | 2.675.000 | 1.711.823 | | | 1.570.200 | 255.549 | 603.267 | 141.951 | | | 4.848.467 | 2.109.322 |
| 421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 75.953.000 | 72.428.550 | 45.811.177 | 39.408.416 | 10.893.027 | 6.139.203 | 384.327 | 249.075 | | | 133.041.531 | 118.225.244 |
| 423 Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | 8.073.719 | 6.668.771 | 2.176.630 | 1.945.013 | 36.426.716 | 19.903.320 | 1.311.500 | 1.149.295 | | | 47.988.565 | 29.666.399 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 84.761.088 | 72.905.020 | 1.000.771 | 783.522 | 10.605.500 | 4.005.722 | 25.805 | | | | 96.393.164 | 77.694.263 |
| 425 Договорни услуги | 32.420.000 | 27.257.769 | 32.296.727 | 30.969.030 | 20.525.176 | 9.261.347 | 3.873.270 | 1.753.320 | | | 89.115.173 | 69.241.466 |
| 426 Други тековни расходи | 25.180.000 | 24.516.569 | 0 | | 5.261.600 | 1.898.702 | 920.667 | 704.605 | | | 31.362.267 | 27.119.875 |
| 427 Привремени вработувања | 9.000.000 | 7.802.879 | 350.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | | | 9.350.000 | 7.802.879 |
| **43 Тековни трансфери до вонбуџетските фондови** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 431 Трансфери до фондот за ПИОМ | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 432 Трансфери до Агенцијата за вработување | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 433 Трансфери до Фондот за здравство | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| **44 Тековни трансфери до единиците на локалната самоуправа** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 441 Дотации од ДДВ | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 442 Наменски дотации | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 443 Блок дотации | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 444 Дотации за делегирани по одделни | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| **45 Каматни плаќања** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 451 Каматни плаќања кон нерезидентни | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 452 Каматни плаќања кон домашни кредитори | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 453 Каматни плаќања кон други нивоа на власт | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| **46 Субвенции и трансфери** | **73.830.000** | **71.212.272** | **5.668.674** | **2.532.164** | **3.336.502** | **1.605.581** | **365.261** | **207.146** | **0** | **0** | **83.200.437** | **75.557.162** |
| 461 Субвенции за јавни претпријатија | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 462 Субвенции за приватни претпријатија | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 463 Трансфери до невладини организации | 13.530.000 | 13.149.688 | | | 2.000 | 2.000 | | | | | 13.532.000 | 13.151.688 |
| 464 Разни трансфери | 48.100.000 | 46.198.871 | 5.661.974 | 2.525.464 | 3.134.502 | 1.484.242 | 365.261 | 207.146 | | | 57.261.737 | 50.415.722 |
| 465 Исплата по извршни исправи | 12.200.000 | 11.863.713 | 6.700 | 6.700 | 200.000 | 119.339 | | | | | | |
| **47 Социјални бенефиции** | **4.300.000** | **4.245.097** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **4.300.000** | **4.245.097** |
| 471 Социјални надоместоци | 4.300.000 | 4.245.097 | | | | | | | | | 4.300.000 | 4.245.097 |
| 472 Плаќања на бенефиции од Пензиски фонд | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 473 Плаќања на надоместоци од Агенцијата за вработување | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 474 Плаќања на надоместоци од Фондот за здравствено осигурување | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| **48 Капитални расходи** | **416.994.619** | **286.738.899** | **305.000** | **305.000** | **7.185.848** | **1.191.871** | **9.331.325** | **2.300.000** | **0** | **0** | **433.816.792** | **290.535.770** |
| 480 Купување на опрема и машини | 5.650.000 | 2.288.345 | 0 | 0 | 2.685.000 | 606.577 | 641.325 | 300.000 | | | 8.976.325 | 3.194.922 |
| 481 Градежни објекти | | | 0 | 0 | 535.348 | 235.348 | | | | | 535.348 | 235.348 |
| 482 Други градежни објекти | 394.114.619 | 271.380.329 | 305.000 | 305.000 | 690.000 | | 8.690.000 | 2.000.000 | | | 403.799.619 | 273.685.329 |
| 483 Купување мебел | 1.320.000 | 1.320.000 | 0 | 0 | 792.000 | 42.500 | 0 | 0 | | | 2.112.000 | 1.362.500 |
| 484 Стратешки стоки и други резерви | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 485 Вложувања и нефинансиски средства | 15.910.000 | 11.750.226 | 0 | 0 | 633.500 | 102.548 | | | | | 16.543.500 | 11.852.774 |
| 486 Купување на возила | 0 | 0 | | | 1.850.000 | 204.898 | | | | | 1.850.000 | 204.898 |
| 487 Капитални трансфери до вонбуџетски | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 488 Капитални дотации до ЕЛС | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 489 Капитални субвенции за претпријатија и | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| **49 Отплата на главнина** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 491 Отплата на главнина до нерезидентни | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 492 Отплата на главнина до домашни институции | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 493 Отплата на главнина до други нивоа на власт | | | | | | | | | | | 0 | 0 |

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за усвојување на Годишниот извештај на Општината Битола за 2012 година**

1. Го објавувам Решението за усвојување Годишниот извештај на Општината Битола за 2012 година, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 01.03.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-254/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
04.03.2013 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ( "Службен весник на Р.М" бр 61/04 и 156/09 ) и член 70 од Статутот на Општина Битола ( "Службен гласник на Општината Битола" број 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 01.03.2013 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за усвојување на Годишниот извештај на Општината Битола за 2012 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Годишниот извештај на Општината Битола за 2012 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-09/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
01.03.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Битола за 2013 година**

1. Ја објавувам Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Битола за 2013 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 01.03.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-254/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
04.03.2013 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 36 став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” број 5/2002), член 23 став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” број 61/2004, 96/2004 и 156/09), и член 22 и 70 од Статутот на Општината Битола (“Службен гласник на Општината Битола” број 10/2005), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 01.03.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Битола за 2013 година**

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Битола за 2013 година („Службен гласник на Општината Битола"

бр 16/2012 ), се врши измена и дополнување и тоа:

Членот 8 се брише.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.07-09/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
01.03.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за определување на висината на благајничкиот максимум

1. Ја објавувам Одлуката за определување на висината на благајничкиот максимум, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 01.03.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-254/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
04.03.2013 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ‘‘ бр. 5/2002 г.) член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 10/05) и член 7а од Законот платен промет („Службен весник на РМ‘‘ бр. 32/1, 50/01, 52/01, 37/02, 41/02, 61/02, 42/03 и 13/06), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 01.03.2013 година, донесе

## О Д Л У К А
## за определување на висината на благајничкиот максимум

**Член 1**

Со оваа Одлука се определува висината на благајничкиот максимум што може да се подигни и држи во готови пари .

**Член 2**

Висината на благајничкиот максимум на готови пари кој може да се држи во благајната изнесува 100.000,00 денари.

Висината на благајничкиот максимум на готови пари-девизни средства кој може да се држи во касата изнесува до

-3.000 евра од програма АО
-3.000 евра од програма ЕО
-3.000 евра од програма ДО

Висината на бонови за гориво која може да се држи во благајна изнесува 200.000 денари.

**Член 3**

Средствата од благајничкиот максимум може да се користат за плаќање на производи и услуги кои поединечно не може да бидат повеќе од 6.000 денари.

**Член 4**

Условите и начинот на наплата како и располагањето и плаќањето со пари ќе биде согласно Упатството донесено од страна на Министерот за финансии.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-09/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
01.03.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член

54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на бункер за поставување на линеарен акцелератор со пропратни содржини во ЈЗУ „Клиничка болница“ Битола

1. Ја објавувам Одлуката за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на бункер за поставување на линеарен акцелератор со пропратни содржини во ЈЗУ „Клиничка болница“ Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 01.03.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-254/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
04.03.2013 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 22 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр. 05/02) и членовите 16 и 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 01.03.2013 година, донесе

## О Д Л У К А
## за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на бункер за поставување на линеарен акцелератор со пропратни содржини во ЈЗУ „Клиничка болница“ Битола

**Член 1**

Со оваа Одлука инвеститорот Министерството за здравство на Република Македонија се ослободува од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на бункер за поставување на линеарен акцелератор со пропратни содржини во ЈЗУ „Клиничка болница“ Битола.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.07-09/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
01.03.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1 точка 12 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија”, бр. 5/02), и член 54 од Статутот на општината Битола („Службен гласник на Општината Битола „ бр. 10/05) Градоначалникот на Општината Битола, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за изменување и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола**

**Член 1**

Со овој правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола бр. 08-1001/1 од 17.05.2010 г., Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола бр. 08-636/1 од 15.03.2011 г., Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола бр. 08-893/1 од 01.04.2011 г., Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола , број 08-2070/1 од 02.09.2011 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-159/1 од 25.01.2012 година , Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-03/1 од 05.03.2012 година , Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-04/1 од 28.05.2012 година , Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-06/1 од 25.07.2012 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-07/1 од 06.12.2012 година ( „Службен гласник на Општината Битола” бр.7/10 , бр. 5/11 , 6/11 , 12 /11 ,02/12, 03/12 ,06/12 , 10/12, 15/12 и тоа во член 5 Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште , Одделение за спроведување на урбанистички планови во работното место „52. Издавање на одобренија за градба „ во делот број на извршители бројот „2„ се за менува со број „3„.

**Член 2**

Во член 5 Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште , Одделение за спроведување на урбанистички планови во работното место „54. Управно правни работи од спроведување на урбанистички планови„ во делот број на извршители бројот „1„ се за менува со број „2„.

**Член 3**

Во член 5, „Сектор за економски развој, и јавни дејности„ се менува и гласи:
„4. Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија„.
Називот на работното место „76. Раководител на Сектор за економски развој, и јавни дејности„ се менува и гласи „76. Раководител на Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија„.

**Член 4**

Во член 5 , Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија Оделение за економски развој работното место „79. Систем администратор ИТ„ се заменува со работно место „79 Подготвување на проектна документација за добивање на одобрение за градба„ кое гласи:

**79. Назив на работното место**: **<u>подготвување на проектна документација за добивање на одобрение за градба</u>**

**Звање**: советник

**Одговара пред**: раководителот на одделението

**Цел на работното место:** Спроведување на функции од делокругот на одделението – подготвување на проектна документација за добивање на одобренија за градба исклучиво кога Општината се јавува како инвеститор во градбата, а согласно своите развојни планови како и самостојно извршување на најсложените работи и задачи.

**Главни работни должности:**

- самостојно извршува најсложени работи и задачи што се вршат во одделението со повремени упатства и надзор од раководителот на одделението;
- континуирано ги следи законските прописи и другите општи акти од областа на урбанизмот просторното и урбанистичкото планирање;
- спроведува постапка за изработка на проектна документација со дефинирање на техничко решение за потребите на општината како инвеститор,
- врши истражување и анализа на претходни работи прибавување на стручни мислења и податоци за составување на проектни програми за линиски инфраструктурни градби и друг вид на градба за потребите на општината
- остварува координација со внатрешни и надворешни субјекти во фаза на изготвување на проектни програми,
- го следи текот на изработка на проектната документација и им дава појаснувања на и насоки на изработувачите
- води регистар и евиденција на изработена проектна документација каде општината се јавува како инвеститор
- води постапка за добивање на одобрение за градба со целокупната потребна докуметација (проекти, ревизии, елаборати, и др.) секогаш кога општината се јавува како инвеститор
- врши одржување , надградување и збогатување на базата на податоци на ГИС,
- изготвува стручно-аналитички и други материјали за комисиите на Советот на Општината;
- дава стручни појаснувања и мислења за примена на законите и другите прописи и општи акти;
- одговара за својата работа во рамките на своите овластувања и врши други работи и задачи што ќе му ги довери раководителот на одделението.

**Посебни услови**:

- стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен – архитектонски или градежен факултет
- работно искуство од најмалку 3 години во струката,
- други професионални квалификации , способности и вештини , вклучувајки и лични квалитети: овластување „Б„ за надзор , овластување „Б „ за проектна ревизија , работа со компјутери; способност за тимска работа;
- **Број на извршители:** 1

## Член 5

Во Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија Оделение за економски развој работното место „81. ИТ техничар„ се менува и гласи:

**„81.Назив на работното место**: <u>**општински инвестициски фонд**</u>

**Звање**: помлад соработник

**Одговара пред**: раководителот на одделението

**Цел на работното место:** Вршење наједноставни работи врз основа на конкретни упатства и насоки, со постојан надзор и контрола на раководителот на одделението, а кои се однесуваат на потикнување на развојот за инвестирање во Општината во согласност со законските прописи.

**Главни работни должности:**
- ги следи законските и подзаконски акти од надлежната област и истите ги применува
  -помага во иницирање и утврдување на развојни и структурни проекти;
  - извршува наједноставни рутински работи и задачи;
  - помага во обезбедување на документациона база на инвеститори;
  - учествува во подготвување на анализи и информации за инвестирање;
  - одговара за својата работа во рамките на своите овластувања и
  - врши други работи и задачи што ќе му ги довери раководителот на одделението.

**Посебни услови**:

- со стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен – Економски факултет
- без работно искуство други професионални квалификации, способности и вештини, вклучувајќи и лични квалитети: работа со компјутери, способност за тимска работа.

**Број на извршители:** 1“

## Член 6

Во Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија после работното место „87. заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра„ се додава ново одделение „4в. Одделение за информатичка технологија„ кое гласи:

**„4В) Одделение за информатичка технологија**

**87а. <u>Назив на работно место:</u>** раководител на одделение за информатичка технологија

**<u>Звање:</u>** Раководител на одделение

**<u>Одговара пред:</u>** Раководител на сектор

**Цел на работното место:**
развивање и обединување на политиките, во рамките на делокругот на одделението, координирање и спроведување на таквите политики преку контрола врз програмите за работа и поддржување на работата на раководителот на секторот.

**Главни работни должности:**
-раководи со одделението, ја организира, насочува и координира работата на одделението;
-ја поддржува работата на раководителот на секторот;
-ги следи и применува законските и подзаконските прописи кои ја регулираат оваа област;
-врши непосредна контрола и надзор над извршувањето на работите и задачите на одделението;
-распоредува работи и задачи на вработените во одделението;
-дава стручна помош и совети во работењето на вработените во одделението и води грижа за стручното усовршување и работната дисциплина на вработените во одделението;
-врши оценување на државните службеници во одделението;
-подготвува предлог-план за работа на одделението и извештај за напредокот во спроведувањето на програмата за работа на одделението;
-предлага политики по начелни прашања од делокругот на одделението;
-дава иницијативи за решавање на одделни прашања и проблеми од делокругот на одделението и директно соработува со другите раководители на одделенија во секторот, како и со другите раководители на одделенија од другиот сектор, за прашања од делокругот на одделението и
-врши други работи и задачи што ќе му ги довери непосредниот раководител во рамките на надлежностите на одделението.

**Посебни услови:**
- со стекнати 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен – Факултет од областа на Информатика или Компјутерска техника
- работно искуство од најмалку 4 години во струката од кои 1 година во државната служба
- други професионални квалификации, способности и вештини, вклучувајќи и лични квалитети: раководни и организациски способности , способност за тимска работа, способност за решавање на конфликти.

**Број на извршители: 1**

**87б. Назив на работно место:** администрирање со база на податоци

**Звање:** Советник
**Одговара пред:** Раководител на одделение

**Цел на работното место:**

спроведување на одредени функции од делокругот на одделението и самостојно извршување на најсложените работи и задачи од областа на администрирањето со базата на податоците во општината.

**Главни работни должности:**
-континуирано ги следи и применува законските и подзаконските прописи од областа на информатичко-комуникациската технологија, електронските комуникации и економскиот развој ;
-самостојно ги извршува најсложените работи и задачи што се вршат во одделението со упатства и надзор од раководителот на одделението;
-врши обработка на податоци, изготвува анализи и информативно аналитички материјали;
-дава стручно мислење за развојните и структурни приоритети на општината од доменот на информатичко-комуникациската технологија ;
-учествува во анализите на тековните состојби, идентификацијата на проблемите, утврдувањето на приоритети и подготовка на проектна документација во доменот на работните должности;
-дава мислења по одредени прашања од доменот на работата на општината;
-учествува во процесите за изработка на бази на податоци за потребите на општината и се грижи за правилно и исправно функционирање, тековно одржување и дополнување на постојните бази на податоци;
-соработува и помага во одржувањето на хардверскиот и софтверскиот подсистем и помага на крисниците (вработените) во процесите на обука за правилно користење на апликативните решенија и
-врши други работи и задачи што ќе му ги довери непосредниот раководител во рамките на надлежностите на одделението.

**Посебни услови:**
- -со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен Факултет од областа на Информатика или Компјутерска техника

Работно искуство од најмалку 3 години во струката
- други професионални квалификации, способности и вештини, вклучувајќи и лични квалитети: способност за тимска работа

**Број на извршители: 1**

**87в.Назив на работно место:** WEB администратор

**Звање:** Виш соработник
**Одговорен пред:** Раководител на одделение

**Цел на работното место:**
спроведување на одредени функции од делокруг на одделението и извршување на сложени работи и задачи, при програмирање, импленментација и развој на Порталот и WEB страната на Општината.

**Главни работни должности:**

-ги следи и применува законските и подзаконските прописи од областа на информацискао-комуникациската технологија и електронските комуникации;
-врши конфигурирање, контрола, одржување и дополнување на хардверските и софтверските подсистеми;
-учествува во процесите на инсталација и конфигурирање на системот;
-ја организира поставеноста на системот во однос на потребите и сигурноста;
-дефинира права за пристап до ресурсите на системот;
-учествува во процесите за подготовка на потребните материјали во електронска форма за официјално објавување на WEB;
-собира и средува документи и податоци и се грижи за исправно функционирање, тековно одржување и дополнување на податоците и информациите на официјалните веб страници и дефинира права за пристап до податоците и информациите на WEB;
-соработува со вработените во процесите за креирање на сервиси за потребите на општинската администрација и граѓаните;
-соработува и помага во одржувањето на хардверскиот и софтверскиот подсистем и помага на крисниците (вработените) во процесите на обука за правилно користење на WEB ориентираните софтверски решенија и
-врши други работи и задачи што ќе му ги довери непосредниот раководител во рамките на надлежностите на одделението.

**Посебни услови**:

- со стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен – Факултет од областа на Информатика или Компјутерска техника
- работно искуство од најмалку 2 години во струката
- други професионални квалификации, способности и вештини, вклучувајќи и лични квалитети: способност за тимска работа

**Број на извршители: 1**

**87.г Назив на работното место**: <u>**Систем администратор ИТ**</u>
**Звање**: соработник

**Одговара пред**: раководителот на одделението
**Цел на работното место:** Спроведување на рутински работи и задачи како подршка на одредени функции од делокругот на одделението во согласност со општите упатства на раководителот на одделени и под негов надзор

**Главни работни должности:**
- врши инсталација и администрација на оперативни системи во рамките на општината администрација на локалната компјутерска мрежа администрација на системите за управување со бази на податоци
- учествува во планирање на развојот и имплементација на нови информатички технологии во општината, администрација на интранет сервиси
- учествува во инсталација и администрација на апликативен софтвер, подготвува корисничка поддршка за специјализираниот софтвер за урбанизам, финансии, даноци и други специјализирани апликации кои се користат во рамките на општината
- корисничка поддршка за основни хардверски и софтверски проблеми
- администрација и надополнување на WEB страната на општината

- компјутерска изработка на „Општински информатор"
- учество во анализа на тековните состојби, идентификација на проблемите и подготовка на проектна документација во доменот на локалниот економски развој
- по потреба, раководи и учествува во спроведувањето на проекти, одговара за својата работа во рамките на своите овластувања , врши други работи и задачи што ќе му ги довери раководителот на одделението

**Посебни услови**:

- стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен – Факултет од областа на Информатика или Компјутерска техника
- работно искуство од најмалку 1 година во струката

**Број на извршители:** 2

**87.д Назив на работното место:** **ИТ техничар**

**Звање**: самостоен референт

**Одговара пред**: раководителот на одделението

**Цел на работното место:** Техничка подршка и основно одржување во ИТ системот во општината.

**Главни работни должности:**
- води база на податоци за информатичко – комуникациска опрема, лиценци, гаранции и сервисирање;
- Обезбедува решавање на елементарни проблеми поврзани со работата на екстерните единици
- Обезбедува техничко одржување на мрежата
- Врши интервенции при типолошки проблеми со работата во Microsoft Windows, Office и слични програми потребни за основна работа со компјутерот
- Врши инсталација на помошен софтвер и освежување на верзиите на постоечките програми
- Врши основни хардверски интервенции во компјутерите (замена или додавање на делови)
- одговара за својата работа во рамките на своите овластувања и врши други работи и задачи што ќе му ги довери раководителот на одделението.

**Посебни услови**:

- Вид на образование: IV степен – средно Техничко образование;
- работно искуство во струката: најмалку 3 години;
- други професионални квалификации, способности и вештини, вклучувајќи и лични квалитети: способност за тимска работа.

**Број на извршители:** 1„

**Член 7**

Согласно извршените измени и дополнувања во интегралниот текст на правилникот се вршат измени и дополнувања и во табеларниот преглед на работните места као составен дел на правилникот и тоа:

| Р.бр. | Назив на работното место | Звање | Бр. на извршители | Вид и степен на образование | Работно искуство |
|---|---|---|---|---|---|
| 52 | Издавање на одобренија за Градба | Советник | 3 | Стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или Завршен VII/1 ВСС Градежен или Архитектонски Факултет, овластување „Б„ за надзор работа со компјутер Способност за тимска работа | Најмалку 3 г. во струката |
| 54 | управно правни работи од спроведување на урбанистички планови | Советник | 2 | Стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или Завршен VII/1 ВСС Правни науки работа со компјутер Способност за тимска работа | Најмалку 3 г. во струката |

**4. СЕКТОР ЗА ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ, ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА**

| Р.бр. | Назив на работното место | Звање | Бр. на извршители | Вид и степен на образование | Работно искуство |
|---|---|---|---|---|---|
| 76 | Раководител на сектор за економски развој , јавни дејности и информатичка технологија | Раководител на сектор | 1 | Стекнати 300 кредити Според ЕКТС или Завршен VII/1 ВСС Филозовски факултет работа сокомпјутер Раководни организациски способности Способност за тимска работа Способност за решавање на конфликти | Најмалку 5 г. во струката од кој 2 годин во државна служба |

## 4 А. . ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

| Р.бр. | Назив на работното место | Звање | Бр. На извршители | Вид и степен На образование | Работно Искуство |
|---|---|---|---|---|---|
| 79 | Подготвување на проектна документација за добивање на одобрение за градба | Советник | 1 | Стекнати најмалку 240 кредити Според ЕКТС или Завршен VII/1 степен Архитектонски или градежен факултет Овластување ,,Б,, за надзор, овластување ,,Б,, за проектна ревизија,,, работа со компјутери Способност за тимска работа | Најмалку 3 години во струката |
| 81 | Општински инвестициски фонд | Помлад соработник | 1 | Стекнати најмалку 180 Кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен Економски факултет, работа со компјутери Способност за тимска работа | Без работно искуство |

## 4.В. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА

| Р.бр. | Назив на работното место | Звање | Бр. На извршители | Вид и степен На образование | Работно Искуство |
|---|---|---|---|---|---|
| 87а | Раководител на одделение за информатичка технологија | Раководител на одделение | 1 | Стекнати 300 кредити Според ЕКТС или Завршен VII/1 степен Факултет од областа на Информатика или Компјутерска техника Раководни организациски способности Способност за тимска работа Способност за решавање на конфликти | Најмалку 4 г во струката од кој 1 во државна служба |
| 87б | Администрирање со база на Податоци | Советник | 1 | Стекнати најмалку 240 кредити Според ЕКТС или Завршен VII/1 степен Факултет од областа на Информатика или Компјутерска техника Способност за тимска работа | Најмалку 3 г. во струката |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 87в | WEB администратор | Виш соработник | 1 | Стекнати најмалку 180 кредити Според ЕКТС или Завршен VII/1 степен Факултет од областа на Информатика или Компјутерска техника Способност за тимска работа | Најмалку 2 г. во струката |
| 87г | Систем администратор ИТ | Соработник | 2 | Стекнати најмалку 180 кредити Според ЕКТС или Завршен VII/1 степен Факултет од областа на Информатика или Компјутерска техника Способност за тимска работа | Најмалку 1г. во струката |
| 87д | ИТ Техничар | Самостоен референт | 1 | IV степен средно техничко образование способност за тимска работа | Најмалку 3 г. во струката |

**Член 8**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општината Битола,, а ќе се применува по добивањето на писмена согласност од Агенцијата за администрација.

**Бр.01-03/1**
18.02.2013.
Битола

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
на Општината Битола
м-р Владимир Талески

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

## С О Д Р Ж И Н А

Д Е К Л А Р А Ц И Ј А за одржување на чесни, слободни и демократски избори во Република Македонија за избор на членови на Советот и Градоначалник на Општината Битола ........................................................ 153

З А К Л У Ч О К за прифаќање на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за четвртиот квартал во 2012 година ................................ 154

З А В Р Ш Н А С М Е Т К А на Буџетот на Општина Битола за 2012 година ................. 155

Р Е Ш Е Н И Е за усвојување на Годишниот извештај на Општината Битола за 2012 година ............................................... 159

О Д Л У К А за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Битола за 2013 година ............. 159

О Д Л У К А за определување на висината на благајничкиот максимум......................... 160

О Д Л У К А за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на бункер за поставување на линеарен акцелератор со пропратни содржини во ЈЗУ „Клиничка болница“ Битола ........................................... 161

П Р А В И Л Н И К за именување и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општината Битола....................................... 162

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**

Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211